

Минатиот петок, 31 јули, Литературното друштво „Григор Прличев“ од Сиднеј во истоимената библиотека по повод 117 годинишнината од Илинденското востание и 76 годинишнината од АСНОМ ја одржа својата традиуционална средба, преку поезија посветена на Илинденци да им се оддаде чест на сите оние што загинаа за ослободување од стегите на отоманите и подоцна од стегите на српските, бугарските и грчките фашисти.

Членови на Друштвото: Иван Трпоски, Марија Александрова, Перо Дамчевски-Коцин, Цане Ѓуровски, Ванчо Саљиоски, Димитар Кукуљовски, Иљо Јорданоски и Душан Ристевски, се преставија со поезија со која се искажа љубовта кон Македонија и Илинденците кои го дадоа животот за ослободување, обединување и формирање на Република Македонија за да можеме денес слободно да се гордееме со македонската историја, јазик и нација.

После поезијата следеше дебата за сето она што се случува во Македонија, за последните парламентарни избори, а посебно за последиците од предавничкиот „преспански“ договор за кој договор Друштвото апелираше, поднесуваше резолуции и јавно настапуваше на протести за да не се потпишува и да не се подржува подло подметнатиот референдум.  Иако Дијаспората и граѓаните на Македонија не ја подржаа промената на името, предавничката влада на Зоран Заев и неговите шиптарски партнери со помош на ЕУ и НАТО го сменија идентитетот, историјата, јазикот и државата.

Членовите ја искажаа својата згроженост од предавството на македонскиот идентитет, култура и историско минато со следење на тиранската платформа и потпишувањето на капитулантските договори за „пријателство" со Бугарија и  Грција каде потполно неразумно и неодговорно некои потпишаа предавство на речиси се што претставува наша, македонска вредност, наше славно минато и нашите историски ликови со коишто се гордееме (Александар Македонски, цар Самоил, Кирил и Методиј, Гоце Делчев, Методија Андонов - Ченто) и со најискрена почит ги славиме и ние овде, на петтиот континент.

Иако ние во Дијаспората со восхит го прославуваме двојниот Илинден, длабоко сме загрижени заради очигледната намера на претходната Влада на Република Македонија и претседателот на државата да се откажат од нашите и само нашите Илинден и Илинденци и Гоце Делчев кој целиот живот го посвети и го жртвува за вечниот идеал на сите нас: слободна и независна Македонија.

Дијаспората гледа со жалење што нашиот најсветол празник поединци го оскрнавуваат во татковината, но нема да дезволиме тоа да ни се случува и нам, во раселена Македонија. Илинден е само наш, на Македонците! Илинден, нас Македонците каде и да сме по светот: во Австралија, САД, Канада, Европа, како и во поробените делови на Македонија: Мала Преспа, Егеј, Пирин, ќе продолжеме да го одбележуваме двојниот Илинден пред се со оддавање на длабока почит кон сите оние што ги дадоа своите животи за идејата водилка на нашето постоење, за слободна и независна Македонија.

МАКЕДОНСКО ИМЕ - НЕМА ДА ЗАГИНЕ!

НИКОГАШ СЕВЕРНА – САМО МАКЕДОНИЈА!



**Душан Ристевски**